Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 год.), а во врска со член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 05.07.2024 година, донесе:

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2024 година**

1. Во Програмата за финансирање на финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2024 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 2/24 година), во поднасловот 4. „Мерки (тематска област) - Финансиска поддршка на правни и физички лица од областа на културата“ (табеларен приказ), се вршат следниве измени и дополнувања:

- во табелата, по реден број 43 се додава реден број 44. Во колоната „Апликант“ се внесуваат зборовите „КРАФТ ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје“, во колоната „Активности“ се внесуваат зборовите „Фестивал на храна и пијалоци TASTE THE SOUTH GEVGELIJA 2024“, а во колоната „Одобрени средства“ се внесува сумата „2.008.000 денари“.

- Согласно измените, редниот број 44 се менува во реден број 45, редниот број 45 се менува во реден број 46, редниот број 46 се менува во 47, редниот број 47 се менува во реден број 48, редниот број 48 се менува во реден број 49, редниот број 49 се менува во реден број 50, редниот број 50 се менува во реден број 51, редниот број 51 се менува во реден број 52 и редниот број 52 се менува во реден број 53.

- во колоната „вкупно“ износот „7.030.000“ денари се менува и гласи „9.038.000 денари“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-873/1
05.07.2024 година
Гевгелија

претседател
на Советот на Општина Гевгелија

**Патрик Матх**
**с.р.**